РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3508/3
30.08.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 20.08.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 10-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.08.2024 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.08.2024 година.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 10-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.08.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.08.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар. Објасни дека на 6-ти август оваа година, Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата на наведениот радиодифузер, затоа што не ги исполни обврските од член 15 став 1 од Законот за медиуми, односно не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и просечната слушаност во 2023 година. Во таа насока предложи одлуката за одземање на дозволата што Советот ќе ја донесе да биде условна, односно да се почека два-три дена за да му се даде можност на РА ПРО-ФМ да ги достави потребните податоци, во спротивно доколку не достави, по истекот на овие денови претседателот на Советот да ја потпише одлуката и таа ќе се објави во Службен весник на РСМ. Доколку во петок ги достави потребните податоци, ќе се закаже седница преку видео конференциска врска и ќе се предложи Одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата што Советот ќе ја донесе на оваа седница.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека се согласува со предлогот на директорот, пред се затоа што Советот и Агенцијата имаат исто постапување кон сите медиуми. Со овој предлог ќе му се помогне на радиото, иако причината која довела до одземање на дозволата за него е неразбирлива. Советот согласно Законот ќе гласа за одземање на дозволата но ќе му се даде можност два дена да ги достави потребните документи.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одзема дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што и во дополнителниот рок не ги исполнил законските обврски и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и просечната слушаност во 2023 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на

јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**